СО ДИЈАЛОГ КОН ЕУ

Студија на случај

# ЕФЕКТИТЕ НА УСВОЕНИТЕ МЕРКИ НА НАЦИОНАЛНО НИВО ВО УСЛОВИ НА КОВИД-19 И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ СЕКТОРОТ ЗДРАВСТВО НА ЛОКАЛНО НИВО

Проектот е финансиран од Европска Унија

ЕУ за ТЕБЕ

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

РЕАКТОР истражување во акција

Center for Civil Communications Центар за граѓански комуникации

ЕВРОТИНК ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКИ СТРАТЕГИИ CENTER FOR EUROPEAN STRATEGIES EUROTHINK

# ЕФЕКТИТЕ НА УСВОЕНИТЕ МЕРКИ НА НАЦИОНАЛНО НИВО ВО УСЛОВИ НА КОВИД-19 И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ СЕКТОРОТ ЗДРАВСТВО НА ЛОКАЛНО НИВО

**Весна Шапкоски**

**Студија на случај – ЕФЕКТИТЕ НА УСВОЕНИТЕ МЕРКИ НА НАЦИОНАЛНО НИВО ВО УСЛОВИ НА КОВИД-19 И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ СЕКТОРОТ ЗДРАВСТВО НА ЛОКАЛНО НИВО**

**ИЗДАВАЧ:**

Фондација Отворено општество – Македонија

**ЗА ИЗДАВАЧОТ:**

Фани Каранфилова – Пановска, извршна директорка

**АВТОР:**

Весна Шапкоски

**УРЕДНИЦИ:**

Данче Даниловска – Бајдевска

Нада Наумовска

Сандра Анастасовска Кузмановски

**ГРАФИЧКА ПОДГОТОВКА:**

Бригада Дизајн

**ЛЕКТУРА И ПРЕВОД:**

Абакус

**CIP - Каталогизација во публикација**

Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

616.98:578.834]-036.31:614.4(497.775)"2020"

ШАПКОСКИ, Весна

Ефектите на усвоените мерки на национално ниво во услови на КОВИД-19 и нивното влијание врз секторот здравство на локално ниво [Електронски извор] : [студија на случај] / Весна Шапкоски. - Скопје : Фондација Отворено општество - Македонија, 2021

Начин на пристапување (URL): https://eur01.safelinks.protection.outlook.com/?url=https%3A%2F%2Fwww.dijalogkoneu.mk%2F&data=04%7C01%7C%7C81887151d5664a1a787508d94c24eac5%7C6dd6692964ee4888a65ab847baf12c47%7C0%7C0%7C637624543710227501%7CUnknown%7CTWFpbGZsb3d8eyJWIjoiMC4wLjAwMDAiLCJQIjoiV2luMzIiLCJBTiI6Ik1haWwiLCJXVCI6Mn0%3D%7C1000&sdata=I32LamNFECJc75RazJG8t3NxxMemkSQDjM8DCob5%2BuA%3D&reserved=0. - Текст во PDF формат, содржи 39 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 19.07.2021. - Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 25. - Содржи и: Анекс 1-2

ISBN 978-608-218-326-8

а) КОВИД-19 -- Пандемија -- Превентивни мерки за заштита -- Прилеп -- 2020

COBISS.MK-ID 54417413

„Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на авторот и не ги одразува ставовите на Европската унија."

Борбата со Ковид 19 ќе биде долготрајна каде за да победиме ќе биде потребен кохерентен системски пристап. Тоа што започнува како здравствена криза многу брзо има образовни и социо-економски импликации врз општеството. Па оттаму доаѓа потребата да се подготват Извештаите за следење на усвоените мерки за справување со кризата предизвикана од појавата на вирусот Ковид-19 и нивното влијание врз секторите здравство, образование и социо-*економски политики на национално и локално ниво* кои нема да се фокусираат само на еден сектор туку ќе придонесат кон креирање на сеопфатни системски решенија.

Дури и во време на вонредна состојба граѓаните треба да се во центарот на справувањето со кризата, додека соодветните решенија мора да се носат на ниво на заедница. Граѓанските организации се најблиску до заедницата, посебно имајќи ги предвид маргинализираните групи. Со цел да се создаде најсоодветен одговор на состојбата предизвикан од пандемијата, граѓанските организации се поттикнати да ги вмрежуваат своите капацитети и да се само-организираат во рамките на структурниот дијалог на локално и национално ниво. Токму затоа Проектот „Дијалог со граѓанските организации – Платформа за структурно учество во ЕУ интеграциите, кој е поддржан од Европската Унија, објави повик за изработка на 6 извештаи за следење на усвоените мерки за справување со кризата предизвикана од појавата на вирусот Ковид-19 и нивното влијание врз секторите здравство, образование и социо-економски политики на национално и локално ниво. Целта на истражувањата е да ги идентификува влијанијата и да ја процени соодветноста на мерките донесени од Владата на РСМ за време на вонредната состојба; да ги поддржи истражувачите и граѓанските организации кои работат на локално и национално ниво; да ги зголеми информациите базирани на докази и да ги зајакне капацитетите на граѓанските организации да учествуваат во секторските политики во услови на криза и за крај да го зајакне и промовира структурниот дијалог помеѓу институциите и граѓанскиот сектор.

Веруваме дека доверливи институции, информирани, консултирани и свесни граѓани и граѓански организации може да го редизајнираат пристапот, да ја проценат кризата и да го предвидат закрепнувањето. Гледајќи низ призмата на влијанието од спроведените политики, оваа публикација е придонес кон намалување на последиците од Ковид 19 кризата врз граѓаните.

Проектот "Дијалог со граѓанските организации – Платформа за структурно учество во ЕУ интеграциите" е спроведуван од Фондација Отворено општество – Македонија во партнерство со партнерство со Центарот за граѓански комуникации (ЦГК) Центар за европски стратегии – Евротинк и Реактор - истражување во акција а финансиски поддржан од Европската Унија.

Една од основните цели на проектот е зголемување на влијанието на граѓанските општество во процесот на пристапување на државата кон ЕУ, преку креирање на јавни политики базирани на докази и преку подготовка на документи за јавни политики за клучните секторски и реформски политики во процесот на пристапување кон ЕУ. Повеќе информации за проектот на www.dijalogkoneu.mk

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| **Резиме** | **5** |
| **1. Вовед** | **6** |
| **2. Опис на проблемот** | **7** |
| **3. Цели на истражувањето** | **9** |
| **4. Временски и просторен опфат** | **9** |
| **5. Прашања за истражување** | **10** |
| **6. Методолошка рамка** | **10** |
| **7. Резултати** | **11** |
| 7.1 Деск-истражување | **11** |
| 7.2 Теренско истражување | **14** |
| **8. Заклучоци** | **23** |
| Библиографија | **25** |
| АНЕКС 1: Одлуки донесени од страна на Општинскиот кризен штаб - Одлуки истакнати на официјалната страница на Општина Прилеп | **26** |
| АНЕКС 2: Прашалник за теренско истражување | **33** |

# РЕЗИМЕ

Пандемијата на КОВИД–19, проследена со огромен број регистрирани случаи и голема стапка на смртност, како никогаш претходно ја истакна важноста од унапредување на јавното здравје и здравствена заштита, покажувајќи дека сите други мерки и политики паѓаат во вода доколку оваа област не е функционална и достапна за сите. Државите имаат генерална обврска да ги заштитат своите граѓани и да им овозможат соодветна здравствена заштита тогаш кога ќе им биде потребна. Пандемијата влијае врз функционирањето на здравствениот сектор и врз начинот и обемот на кој граѓаните ги добиваат здравствените услуги кои не се поврзани со дијагностиката, упатувањето и третманот на КОВИД–19. Исто така, граѓаните се соочуваат со проблем при обезбедувањето на здравствената заштита поврзана со КОВИД–19 (тестирање, упатување за анализи и лекување). Од друга страна, дел од граѓаните, а особено припадниците на маргинализираните заедници (како што е ромската заедница), се соочуваат со низа предизвици во остварувањето на нивните права на здравствена заштита, како и првата од други сродни области. Имајќи го предвид сево ова, неминовно се наметнува прашањето за предизвиците во однос на примената на превентивните мерки за заштита од КОВИД–19, колку тие се приспособени на потребите на оваа заедница и како влијаат на ефективното справување на оваа заедница со пандемијата. Истражувањето презентирано во продолжение за занимава со прашањата за начинот и обемот во кој мерките за превенција и заштита од КОВИД–19, на национално и на локално ниво, го дадоа потребното позитивно влијание во справувањето на ромската заедница во Прилеп со пандемијата, колку заедницата беше консултирана во однос на носењето на мерките на локално ниво и колку тие беа приспособени на специфичните услови за живот на оваа заедница. Исто така, истражувањето се осврнува и на прашањата за можноста да се добие навремена, соодветна и квалитетна здравствена заштита поврзана со КОВИД–19, но и здравствена заштита во однос на здравствени проблеми кои не се поврзани со КОВИД–19.

# 1 ВОВЕД

Правото на здравје и здравствена заштита е глобално човеково право. Ова право на човекот, во потесна смисла, се сфаќа како право на здравствена заштита и пристап до установите за лекување. Во поширока смисла, тоа опфаќа и други фактори кои го детерминираат како едно од основните човекови права. Тоа се социјалните детерминанти на здравјето, меѓу кои спаѓаат: образованието, вработувањето, условите за живеење, животната средина, социјалната заштита, безбедната храна и вода за пиење и низа други фактори од средината во која живее човекот.

Здравствената заштита е од круцијално значење за повеќе аспекти на индивидуалниот развој на поединецот и на колективот во целина. Таа директно влијае на:

- Квалитетот на животот на граѓаните (семеен, социјален, професионален);
- Личната среќа, како објективно чувство на благосостојба што се јавува кога човекот е здрав и е во добра здравствена состојба;
- Развојот на економијата на државите во целина – појавата на различни болести, особено заразните, директно влијае врз економскиот развој на државите, ја попречува трговијата и слободата на пазарот и, во целост, економските текови:
- Наталитетот/морталитетот – нарушувањето на здравјето, во крајна линија, директно влијае и на зголемувањето и на намалувањето на вкупниот број жители во светски рамки и со тоа го дефинира демографскиот развој на поединечните региони.

Пандемијата на КОВИД–19 е најмасовната што го зафати човештвото во последниве 100 години, поточно од појавата на шпанскиот грип во почетокот на XX век, проследена со огромен број регистрирани случаи и со голема стапка на смртност. Притоа, како никогаш претходно, се истакна важноста на унапредувањето на јавното здравје и здравствената заштита, покажувајќи дека сите други мерки и политики паѓаат во вода доколку оваа област не е функционална и достапна за сите.

# 2 ОПИС НА ПРОБЛЕМОТ

Државите имаат генерална обврска да ги заштитат своите граѓани и да им овозможат соодветна здравствена заштита тогаш кога ќе им биде потребна. Во Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права од 1966 година е предвидено дека секоја држава потписничка се обврзува да преземе чекори кон обезбедување доволно ресурси за остварување на сите права загарантирани со тој пакт, меѓу кои и правото на здравје и здравствена заштита, како и да овозможи меѓународна помош и соработка кога ќе биде потребно[1].

Комитетот за економски, социјални и културни права во состав на ООН, го толкува правото на здравје, како што е дефинирано во член 12.1, како инклузивно право што се протега не само на навремена и соодветна здравствена заштита, туку и на основните детерминанти на здравјето, како што се пристапот до безбедна вода за пиење и соодветна канализација, соодветното снабдување со безбедна храна и домување, здравите работни услови и животна средина и пристапот до здравствено образование и информации, вклучително и за сексуалното и репродуктивното здравје. Друг важен аспект е учеството на населението во донесувањето на сите одлуки поврзани со здравјето на ниво на заедницата, национално и на меѓународно ниво[2].

Во Република Северна Македонија, здравствената заштита е право загарантирано со Уставот, каде што во чл. 39 е наведено дека „*На секој граѓанин му се гарантира правото на здравствена заштита. Граѓанинот има право и должност да го чува и унапредува сопственото здравје и здравјето на другите.*“

1 Генерално собрание на ОН, *Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права (чл.12)*, Резолуција 2200А (XXI) од 16 декември 1966, достапен на: https://www.ohchr.org/documents/professionalinterest/cescr.pdf > пристапено во март, 2021

2 Комитет за економски, социјални и културни права, Суштински прашања што се јавуваат при имплементација на Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права, Генерален коментар бр. 14 (2000), т.11, достапен на: http://docstore.ohchr.org/SelfServices/FilesHandler.ashx?enc=4slQ6QSmlBEDzFEovLCuW1AVC1NkPsgUedPIF1vfPMJ2c7ey6PAz2qaojTzDJmC0y%2B9t%2BsAtGDNzdEqA6SuP2r0w%2F6sVBGTpvTSCbiOr4XVFTqhQY65auTFbQRPWNDxL#:~:text=The%20Committee%20interprets%20the%20right,of%20safe%20food%2C%20nutrition%20and > пристапено во март 2021.

Како резултат на појавата на пандемијата на КОВИД–19, Светската здравствена организација (СЗО) препорача бројни мерки за заштита, од кои најголемиот дел беа превентивни мерки за спречување на ширење на вирусот.

Владата на Република Северна Македонија по препорака на Министерството за здравство, ги препорача следниве превентивни мерки за заштита на населението од ширење на вирусот:

- носење маска;
- често миење/дезинфицирање на рацете;
- држење 2 метра растојание на затворен и отворен простор;
- самоизолација од 14 дена за секој кој имал контакт со заболен од КОВИД–19[3], и
- самоизолација од 14 дена за секој кој се вратил во РС Македонија од странство.

Овие мерки се во согласност со препораките на СЗО и се применуваат насекаде низ светот како најефикасни во спречувањето на ширењето на вирусот. Сепак, колку и да изгледаат едноставни за примена, за маргинализирани заедници кои се соочуваат со потешкотии во обезбедувањето основни услови за живот, тие се особено предизвикувачки.

Ромската заедница е една од најмаргинализираните заедници во нашата држава, која во континуитет се справува со голем број предизвици, како што се: сиромаштијата, домувањето, остварувањето на правото на образование и социјална заштита, како и правото на здравствена заштита. Негативното влијание на социјалните детерминанти врз здравјето на Ромите има уште поголемо негативно влијание врз нивното здравје во услови на пандемијата со КОВИД–19. Животот во сиромаштија и во неповолни услови влијае врз нивната можност соодветно да ги следат основните мерки за превенција од КОВИД–19 - редовно и често миење на рацете, купување квалитетни маски за заштита од инфекцијата, купување средства за дезинфекција и слично. Неповолните услови за домување, во случаи каде што поголем број лица живеат во мало или импровизирано живеалиште, влијае врз неможноста луѓето кои се позитивни на КОВИД–19 да направат соодветна самоизолација, а притоа сите членови на домаќинството се изложени на зголемен ризик од инфекцијата. Во однос на здравствената состојба на Ромите, истражувањата покажуваат дека тие имаат понеповолна здравствена состојба во однос на мнозинското население. Здравјето кај оваа популација се карактеризира, пред сè, со повисока стапка на појава на хронични заболувања, како и со 10 години пократок животен век во споредба со другото население[4].

3 Влада на РСМ (2020), Како да се заштитите од КОВИД–19?, https://koronavirus.gov.mk/pocetna/zashtita > пристапено во декември 2020.

4 Здружение ЕСЕ, Здравјето на Ромите, http://www.esem.org.mk/index.php/10-voved/88-zdravjeto-na-romite.html > пристапено во декември 2020

Дополнително, пандемијата влијае врз функционирањето на здравствениот сектор и врз начинот и обемот на кој граѓаните ги добиваат здравствените услуги кои не се поврзани со дијагностиката, упатувањето и третманот на КОВИД–19. Исто така, граѓаните се соочуваат со проблем во обезбедувањето здравствена заштита поврзана со КОВИД–19 (тестирање, упатување за анализи, лекување).

Од сево ова неминовно произлегува прашањето за предизвиците во примената на превентивните мерки за заштита од КОВИД–19, колку тие се приспособени на потребите на оваа заедница и како влијаат на ефективното справување на оваа заедница со пандемијата.

## 3 ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Целта на ова истражување е да се оцени влијанието на донесените здравствени мерки за заштита и превенција од КОВИД–19 врз ромската заедница, постоењето услови за почитување на овие мерки и колку истите се применливи за оваа заедница. Дополнително, истражувањето треба да покаже дали и на каков начин ромската заедница во Прилеп се соочила со проблеми во остварувањето на здравствената заштита во дијагностиката и третманот на КОВИД–19. Дополнително, ќе се утврди дали ромската заедница во Прилеп беше консултирана при креирањето на локалните политики од страна на локалните власти за превенција и заштита од КОВИД–19, на кој начин и во која мера.

## 4 ВРЕМЕНСКИ И ПРОСТОРЕН ОПФАТ

Истражувањето ќе го опфати периодот од 11 март до 30 ноември 2020 година, а ќе се однесува на Општина Прилеп, со фокус на ромската заедница која живее во оваа општина.

# 5 ПРАШАЊА ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ

*Генерално прашање*: Дали мерките за превенција и заштита од КОВИД–19 на национално и на локално ниво го дадоа потребното позитивно влијание во справувањето со пандемијата кај ромската заедница во Прилеп?

*Посебно прашање 1:* Дали и колку мерките за превенција и заштита од КОВИД–19 донесени на национално ниво влијаеја позитивно на справувањето со болеста кај ромската заедница во Прилеп?

*Посебно прашање 2:* Дали и колку мерките за превенција и заштита од КОВИД–19 донесени на локално ниво се носеа со доволна консултација со ромската заедница и беа доволно прилагодени на специфичните услови за живот на оваа заедница?

*Посебно прашање 3*: Дали и колку Ромите беа во можност да добијат навремена, соодветна и квалитетна здравствена заштита поврзана со КОВИД–19?

*Посебно прашање 4:* Како резултат на состојбите поврзани со пандемијата со КОВИД–19, дали и колку Ромите беа во можност да добијат навремена, соодветна и квалитетна здравствена заштита за здравствени проблеми кои не се поврзани со КОВИД–19?

# 6 МЕТОДОЛОШКА РАМКА

Методолошката рамка на истражувањето се базира на два метода:

*Деск-истражување* за начинот и постапката на носење и имплементација на локалните мерки од страна на локална самоуправа во Прилеп и општинскиот кризен штаб. *Деск-истражувањето* вклучува собирање и анализа на секундарни извори на податоци, односно прибирање и прегледување на одлуките донесен од страна на Општинскиот кризен штаб во Прилеп (АНЕКС 1).

*Теренско истражување - анкета* за мерење на влијанието на националните превентивни мерки врз ромската етничка заедница. Предметна популација на истражувањето се Ромите во Прилеп. Истражувањето се спроведе на

репрезентативен примерок со кој се опфати Општина Прилеп, во која – според пописот од 2002 година - живеат 4.433 Роми. Анкетата се спроведе со 100 испитаници (50 жени и 50 мажи), сразмерно на половата застапеност во Општина Прилеп (според истоимениот попис). Од нив, 18 испитаници се формално вработени, 51 се дел од неформалната економија, а 31 невработени. Анкетата се спроведе преку однапред подготвен прашалник (АНЕКС 2).

# 7 РЕЗУЛТАТИ

## 7.1 Деск-истражување

Деск-истражувањето дава анализа за начинот и постапката на носење и имплементација на локалните мерки од страна на локална самоуправа во Прилеп и Општинскиот кризен штаб. Деск-истражувањето вклучи собирање и анализа на секундарни извори на податоци, односно прибирање и прегледување на следниве аспекти: уредби донесени на национално ниво и уредби и одлуки донесени на локално ниво. Како уредби донесени на локално ниво беа анализирани одлуките донесени од страна на Општинскиот кризен штаб во Прилеп и одлуките донесени на национално ниво, од кои беа анализирани Одлуката за мерките за спречување на внесување и ширење коронавирус КОВИД–19 и Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија[5]. Истражувањето го опфати периодот од 11 март до 30 ноември 2020 година, а се однесува на Општина Прилеп, со фокус на ромската заедница која живее во оваа општина.

Согласно бројните одлуки за ограничување на движењето, кои беа донесени на национално ниво, најголем проблем претставуваше мерката со која се забрани движење на лицата на возраст над 67 години во временски период од 11.00 часот до 5.00 часот наредниот ден и на лицата на возраст до 18 години во временски период од 21.00 часот до 12.00 часот наредниот ден. Со оваа одлука се очекуваше да се спречи комуникација помеѓу различните возрасни групи, односно на помладите како преносители на вирусот и на повозрасните како поризична категорија граѓани. Сепак, овој посебен режим не даде придонес во намалувањето на бројките на заболени лица од вирусот, туку – напротив - создаде поголем неред и гужви пред банките, маркетите и установите. Повозрасните лица сметаа дека немаат доволно време за да ги извршат секојдневните активности до 11 часот, што дополнително ги стави во ризик имајќи го предвид краткиот

5 „Службен весник на РСМ“ бр. 72/20; 74/20; 78/20; 92/20; 100/20; 107/20; 111/20; 119/20; 134/20, 136/20 и 147/20.

временски период од 3 часа за извршување на обврските. Потоа со Одлука овој период од 3 часа беше намален на 2 часа, што не го даде посакуваниот резултат и дополнително ги зголеми гужвите пред банките и маркетите.

Во однос на мерката самоизолација на заболен и на лице кое било или се сомнева дека било во непосреден контакт со лице заболено или инфицирано со коронавирус КОВИД–19, се применуваше мерката строга изолација (карантин) во домашни услови (домашна изолација) во времетраење од 14 дена. Лицата чиишто домаќинства бројат поголем број членови, што е карактеристично за ромската заедница, односно оние чиишто домаќинства немаат доволно просторни услови, не беа во можност да ги почитуваат овие мерки, односно не можеа да се изолираат во посебни простории од другите членови во домаќинството.

Одлуките на локално ниво се донесени од страна на Општинскиот кризен штаб и истите беа истакнати на официјалната страница на Општина Прилеп. Во Општинскиот кризен штаб членуваат градоначалникот на Општина Прилеп, претседателот на Советот на Општина Прилеп, секретарот, советниците од Советот на Општината, директорите на здравствените установи, како и директорите на јавните центри, установи и јавните комунални претпријатија во Прилеп. Она што е забележително е дека во овој состав нема претставник од ромската заедница, иако во составот на членовите има двајца претставници во Советот на Општината. Факт е дека одлуките што се донесуваат од стана на ова тело важат подеднакво за сите граѓани на Општина Прилеп, но сепак имајќи ја предвид бројноста на ромската заедница и нејзините специфични карактеристики и потреби, оваа заедница не беше консултирана во донесувањето на одлуките во согласност со потребите.

Дел од локалните државни и јавни установи, како што се ЈУМ Центар за социјална работа, Одделение за администрирање приходи (даночно одделение) при Општина Прилеп, подрачните одделенија на ФЗО, ФПИОМ, УВМК и др., имаа повремени целосни прекини во работењето со странки или го ограничија приемот на странки на само неколку часа во текот на денот, најчесто на само еден шалтер или надвор од установата. Ваквата состојба, во услови на здравствена и економска криза, најнеповолно се одрази на маргинализираните заедници, во овој случај врз ромската заедница во Прилеп. Дополнителен проблем претставуваше и затворањето на Еуростандард Банка во август 2020, преку која голем дел од ромските семејства ги остварувaа приходите од социјална заштита, па истите беа принудени да отвораат сметки во други банки. Овие процедури дополнително го отежнаа процесот на социјална заштита и ја зголемија економската криза, резултирајќи со турканици пред банките и институциите, непочитување на редот пред истите и зголемен ризик од инфицирање со заразната болест.

На 15 март 2020 година беше најавено воведување волонтерска служба на Општина Прилеп која ќе врши логистичка поддршка на старите и изнемоштени лица, самохрани родители, хронично болни лица, семејства на лица со попреченост и други граѓани од социјално ранливите категории[6]. Нивните услуги, според најавата, се состоеја од набавка на прехранбени производи, средства за лична хигиена, лекови и медицински средства, извршување шалтерски услуги, подмирување на режиските сметки, подигнување лекарски рецепти, а беше предвидено истите да бидат достапни секој ден во периодот од 8 до 18 часот. На денот на најавата за воведување волонтерска служба беше истакнато дека истата ќе може да се повикува на телефонскиот број 048/401–700, а дополнително беше најавено дека веќе од наредниот ден ќе се воведе и бесплатна телефонска линија. Од тој ден до крајот на истражуваниот период, бесплатната телефонска линија веќе не беше спомената. Од друга страна, достапноста на фиксната телефонска линија беше слабо промовирана, па голем број граѓани, особено оние од ромската заедница, воопшто немаа сознанија за постоењето на ваквата можност. Тука е и фактот што фиксните линии се тарифираат по повисока цена, па граѓаните кои се во послаба економска состојба често не се во можност да си дозволат повик на фиксен телефон. На 26.11.2020 година повторно беше најавено обновување на услугата за помош од волонтерската служба, во соработка со спасителната служба „Златоврв“, која овојпат ќе биде достапна на две мобилни телефонски линии 073 333 800 и 073 333 900[7].

Иако дезинфицирањето на улиците и на јавните површини беше мерка која беше донесена речиси на секоја седница на Општинскиот кризен штаб од започнувањето на пандемијата, во населбата Тризла, во која живее претежно ромско население, само двапати се изврши дезинфицирање на улиците и на јавните површини. На 16 мај 2020 година се одржа онлајн средба помеѓу градоначалникот на Општина Прилеп Илија Јованоски и советникот од Советот на Општина Прилеп кој е припадник на ромската заедница, на кој беа присутни лица од оваа заедница кои живеат во различни делови од населбата Тризла во Прилеп[8]. На оваа средба, до Општинскиот кризен штаб беа пренесени информации за потребите и предизвиците за натамошно разгледување и изнаоѓање решенија во

6 Општина Прилеп (март 2020), *Волонтери од Општина Прилеп ќе набавуваат и доставуваат храна и лекови на стари, болни и изнемоштени граѓани – нова мерка на Општината во справувањето со коронавирусот*, достапно на: https://www.prilep.gov.mk/volonteri-od-opshtina-prilep-ke-nabavuvaat-i-dostavuvaat-hrana-i-lekovi-na-stari-bolni-i-iznemoshteni-gragani-nova-merka-na-opshtinata-vo-spravuvaneto-so-koronavirusot > пристапено во март 2021

7 Општина Прилеп (ноември, 2020), Јованоски: Состојбата со коронавирусот е алармантна, воведуваме дополнителни мерки за справување со заразната болест, достапно на: https://www.prilep.gov.mk/jovanoski-sostojbata-so-koronavirusot-e-alarmantna-voveduvame-dopolnitelni-merki-za-spravuvane-so-zaraznata-bolest/ ≥ пристапено во март 2021.

8 Фејсбук-страницата на Илија Јованоски (мај, 2020), достапно на: https://www.facebook.com/ilija.jovanoski.1/posts/3026494524103817 > пристапено во март 2021.

интерес на ромската заедница за време на кризната состојба. За таа цел, од страна на градоначалникот беше истакнато дека општината располага со доволно количество заштитни маски, кои ги става на располагање на сите граѓани во Општина Прилеп, вклучително и на граѓаните од ромската заедница, а исто така најави и дезинфекција на сите улици (главни и споредни) во сите делови на населбата, којашто беше извршена.

Контролата за почитувањето на мерките во Општина Прилеп главно се состоеше во полициска контрола за носење маски и држење растојание во централното градско подрачје, но многу слаба или целосно непостоечка контрола во населбите на периферијата на градот. Тоа е забележано по барањето помош и совет за наплата на казнените налози за неносење маска од страна на граѓаните кои се обратиле во здружението СТАНИЦА П.Е.Т. од Прилеп, при што сите казни беа изречени во центарот на градот. Ова резултираше со перцепција дека граѓаните имаат обврска да носат маска и да држат растојание кога се движат низ центарот, но дека не мора да го прават тоа кога се движат низ нивната населба.

## 7.2 Теренско истражување

Со анкетата беа опфатени 100 испитаници, 50 жени и 50 мажи, сразмерно на половата застапеност во Општина Прилеп според пописот од 2002 година. Од нив, 18 испитаници беа формално вработени, 51 беа дел од неформалната економија, а 31 невработени. Според возрасната структура, 22 % од испитаниците беа на возраст од 18 до 29 години, 32 % на возраст од 30 до 44 години, најголем процент, односно 35 %, на возраст од 45 до 59 години, додека 11 % од испитаниците беа на возраст над 60 години.




**Графикон 1: Возрасна структура на испитаниците**

Одговорите укажуваат на состојбата според која испитаниците, во најголем дел, се придржуваат до мерката за носење маска, но најчесто кога одат на работа или кога излегуваат во центарот на градот. Забележително е дека постојат одговори според кои ретко кој од испитаниците носи маска и се придржува до мерките во населбата каде што живее, Дел од испитаниците можат да носат маски само доколку добијат некаква донација, додека во останатото време се принудени да се покриваат со шал или со марама, бидејќи не се во можност да купуваат маски. Оние кои носат маски, најчесто избираат платнени маски кои се за повеќекратна употреба, а поретко маски за еднократна употреба. Многу ретко еднократната маска се користи само еднаш, односно поголем дел од луѓето кои користат маска за еднократна употреба истата ја носат повеќе пати. Правилното носење на маската кај мнозинството значи носење преку носот и устата, а еден помал дел подразбираат дека е доволно само да ја носат на брадата или преку уста, колку за да не добијат казна. Одржувањето на маските варира - од секојдневно до перење еднаш месечно, односно 46 % редовно ја менуваат или секојдневно ја перат маската, а останатите 54 % ја менуваат понекогаш, еднаш месечно/неделно или немаат маска или не носат маска од различни причини (немаат средства за да купат, добиваат од донации или не веруваат во КОВИД–19 и сметаат дека сè е политика).

*Кога невладините организации ни даваа маски имавме, но сега се покриваме со шал или со шамија.*

*Мора да носам бидејќи пишуваат казни за неносење. Маската ја перам еднаш неделно.*

*Да, се придржувам до оваа мерка, секогаш кога излегувам носам маска и ја перам редовно.*

*Носам маска, ама тешко дишам и ја носам на врат, само кога морам ја ставам на уста и на нос. Понекогаш ја перам со алиштата во машина за перење.*

*Немаме толку финансии во семејството, па користам платнени маски, бидејќи тие се перат и можам да ги носам подолго време, а маските за еднократна употреба не можам да ги користам бидејќи немам пари секојдневно да си обезбедам такви маски. Знам правилно да ја носам маската, но постојано ми паѓа од носот со оглед на материјалот од кој е направена, па не е доволно практична.*

*Немам маска и не носам маска. Еднаш ми дадоа, ама по некое време се извалка и морав да ја фрлам, а оттогаш немам друга. Доколку некој ми даде, секако дека би носел. Инаку, мислам дека знам како треба правилно да ја носам.*

Најголем дел од испитаниците, односно повеќе од 90%, редовно ги мијат рацете, но помалку од 10% од нив користат средства за дезинфекција. Другите не можат финансиски да си дозволат вакви средства, а ги имаат употребено и знаат какви се само од неколкуте донации кои ги добиле од граѓанските организации. Има и такви кои немаат редовен и непречен пристап до вода, како што е примерот со населбата Три багреми,, посочен и во анкетата, па граѓаните од оваа населба не можат ниту редовно да ги мијат рацете.

*Рацете ми се постојано во вода, затоа што перам рачно, немаме машина за перење алишта. Понекогаш се случува воопшто да немаме вода, па не можеме постојано да ги миеме рацете. Немаме ниту пари за да си купиме средства за дезинфекција.*

*Кога имаме вода постојано ги миеме рацете, а средства за дезинфекција не користиме.*

*Рацете редовно ги мијам, но немам услови постојано да користам средство за дезинфекција.*

*Си ги мијам рацете, како што ги миев и пред короната. Ретко користам средство за дезинфекција, само кога одам во некоја институција каде што на влезот има поставено вакво средство.*

Повеќе од половина од испитаниците се придржуваат до мерката за држење растојание од 2 метра на отворено, а останатите сметаат дека сите други не се придржуваат, па затоа и тие не се во можност да го прават тоа. Сепак, некои подетални одговори укажуваат на фактот дека голем дел од граѓаните Роми не се точно информирани за потребата и за начинот на кој се применува оваа мерка:

*Немам многу можности, а и сметам дека јас не можам да заболам од КОВИД, бидејќи имам добар имунитет.*

*Се придржувам кон мерката за држење дистанца, затоа што често излегувам без маска и ги покривам носот и устата со јаките од јакната.*

*Со оглед на тоа дека работам сам, а тие што поминуваат покрај мене се на поминување, односно не застануваат, мислам дека целосно се придржувам кон мерката за држење растојание.*

*На одредени места можеме да држиме растојание, а на некои не може, бидејќи некои луѓе не ги почитуваат мерките.*

*Се придржуваме онолку колку што можеме, но на пазар и во парк, на пример, е тешко да се држи дистанца.*

Во однос на тоа дали и колку граѓаните имале можност да се придржуваат до мерката за држење растојание од 2 метра во здравствените установи, банките, поштите, маркетите, ЦСР и слично, само 20 % од испитаниците изјавиле дека имале можност и се придржувале до мерките. Другите сметаат дека во овие установи нема услови за такво нешто и дека ретко се држи растојание:

*Во институциите нема услови за да се придржувам до оваа мерка. Ако стојам на растојание, никогаш нема да дојдам на ред.*

*Се трудам да ја почитувам оваа мерка кога сум во овие институции, но просторот понекогаш не е соодветен за држење растојание од 2 метра.*

*Нема можност бидејќи има многу гужва, а граѓаните најчесто се во круг или стојат еден до друг. Мислам дека тоа најмногу се должи на несовесноста на граѓаните.*

*Во банка не одам поради гужвите, односно користам картичка од банкомат. Мислам дека држењето растојание нема некоја улога во справувањето со КОВИД–19.*

**Графикон 2: Задолжителна самоизолација кај 100 испитаници**




Од почетокот на пандемијата, 24 % од испитаниците одговориле дека биле во задолжителна самоизолација (Графикон 2). Половина од нив, односно 12 испитаници, имале можност да се придржуваат до мерката, и целосно да се изолираат од другите членови на семејството, додека другата половина, односно останатите 12 испитаници, само делумно или воопшто не биле во можност да го направат тоа, поради малиот број простории во домот (понекогаш и само една), како и поради ограничените ресурси (греењето, покуќнината и сл.):

*Не бев во можност да се самоизолирам, затоа што моето 6-члено семејство живее во една соба.*

*Спиев во друга просторија, но во текот на денот бевме сите заедно.*

*Немав можност да седам во посебна соба, затоа што имаме греење само во една соба. Бев сама само кога сопругот беше на работа.*

*Сметам дека имав доволно услови да се изолирам од другите членови на семејството, бев во различна соба, но користевме иста бања и тоалет и прибор за јадење, кој го миевме и дезинфицираме.*

За време на пандемијата, во периодот од 11 март до 30 ноември 2020 година 25 % од испитаниците одговориле дека имале потреба да направат тест за КОВИД-19 (каков било вид тест – ПЦР, брз тест, антигенски и сл.), што може да се види на графиконот 3:

**Графикон 3: Тестирање за КОВИД-19**




Половината од оние 25 % кои одговориле дека имале потреба да направат тест за КОВИД-19 (или вкупно 13 испитаници) не се соочиле со проблем при спроведувањето на оваа процедура, додека другите наведоа неколку проблеми. Најчесто повторувани се проблемите со премногу долгото чекање од првичното закажување до терминот за тестирање, како и проблемите со резултатите (премногу долгото чекање за добивање на резултатот, изгубен резултат и сл.). Исто така, наведени се и други проблеми, како што се комуникацијата со матичните лекари, неодобрувањето упат за тестирање, недоволното запознавање на пациентот со постапката и сл. Поради ваквите проблеми, 6 од вкупно 25 испитаници се одлучиле тестот да го направат приватно, додека тројца испитаници се откажале, односно воопшто не направиле тест. 16 испитаници (64 % од оние кои имале потреба да направат тест) сепак тестот го направиле во установите на јавното здравство (Графикон 4).




**Графикон 4: Установа каде што е направен тест за КОВИД–19 за 25 испитаници**

Од 22 испитаници кои се тестирале (во јавно или во приватно здравство), 65 % (14 испитаници) биле дијагностицирани како позитивни на КОВИД–19, додека 35 % (8 испитаници) биле негативни. Од оние 14 кои биле дијагностицирани како позитивни, сите поминале барем дел или целосно лекување во домашни услови, а 7 од нив имале искуство со болничко лекување (тука спаѓа болнички престој, но и примање дневна терапија во болнички услови).

Во однос на лекувањето во домашни услови, 68 % (10 испитаници) не се соочиле со поголеми проблеми, додека 32 % (или 4 испитаници) се соочиле со проблеми кои се однесуваат на одбивањето на матичните лекари да ги примат на преглед во ординација и неможноста да ги набаваат потребните лекови и суплементи (Графикон 5). Што се однесува до лекувањето во болнички услови, од вкупно 7 испитаници кои имале искуство со ваков тип лекување, 4 испитаници (63 %) истакнале дека не се соочиле со проблем, додека 3 испитаници (37 %) имале проблеми кои се однесуваат на предолгото чекање за преглед во болницата, недостигот од лекови и медицински средства во здравствената установа, но и стравот од болничко лекување и од секојдневните информации за пациентите починати во болница (Графикон 6).

Двајца од вкупно 14 испитаници одговориле дека воопшто не се обратиле за болнички третман затоа што се плашеле, иако имале потреба од тоа.




**Графикон 5: Проблеми при лекувањето во домашни услови кај 14 испитаници**

Се соочиле со пречки

Не се соочиле со пречки




**Графикон 6: Проблеми при лекувањето во болнички услови кај 7 испитаници**

Се соочиле со пречки

Не се соочиле со пречки

Додека користеле здравствени услуги поврзани со КОВИД–19, како најчест проблем што го истакнале 9 од вкупно 22 испитаници е односот на здравствените работници (матичниот лекар, персоналот во пунктот за земање брисеви за КОВИД–19, персоналот во установата за дијагностика, докторот специјалист во болница, медицинските сестри и другиот медицински персонал), кои како да се плашат од пациентите, како и нељубезноста во споредба со другите пациенти (кои не се заболени од КОВИД–19). 13 од вкупно 22 одговори на испитаниците покажуваат дека не се соочиле со вакви проблеми.

Од вкупно 9 испитаници со негативни искуства, најголем дел од пациентите ги доживеале од медицинските сестри (38 %), додека останатите се сразмерно поделени помеѓу матичните лекари, медицинскиот персонал на пунктовите за земање брис, докторите специјалисти, како и останатиот медицински персонал.

Во однос на потребата од други здравствени услуги кои не се поврзани со КОВИД–19, во јавните здравствени установи во дадениот период, 46 % одговориле дека имале таква потреба, додека 54 % дека немале.

Од вкупно 46 испитаници кои имале потреба од здравствени услуги, 83 % (38 испитаници) ги добиле здравствените услуги без поголеми проблеми, 6 испитаници истакнале дека ги добиле здравствените услуги со потешкотии и нецелосно, а двајца од испитаниците одговориле дека воопшто не добиле услуга (Графикон 7).




**Графикон 7: Пречки при добивањето други здравствени услуги неповрзани со КОВИД–19, за 46 испитаници**

- Не добиле здравствени услуги
- Добиле здравствени услуги со потешкотии
- Добиле здравствени услуги без пречки

Најчесто истакнати услуги кои не ги добиле осумте испитаници кои дале одговор на ова прашање се преглед кај матичен лекар и преглед кај доктор специјалист (со по 30 % одговори од испитаниците), потоа дијагностички прегледи и хируршка интервенција (по 20 % од испитаниците). Поради ваквото ограничување на можноста за добивање на здравствени услуги, кај 2 од испитаниците (25%) дошло до влошување на состојбата, додека кај 6 не се случило тоа (75%).




**Графикон 8: Последици од пречките при добивањето други здравствени услуги неповрзани со КОВИД–19, кај 8 испитаници**

- Влошување на состојбата
- Состојбата не се променила

Дополнително, во рамките на самото истражување беше истакнато дека граѓаните Роми во Прилеп сметаат дека поставеноста на здравствениот систем за време на пандемијата создава паника кај народот, па поради тоа луѓето не се тестираат и се лекуваат сами во домашни услови. Тие сметаат дека оваа ситуација често доведува и до влошување на здравствената состојба, па во моментот кога ќе одлучат да побараат здравствена заштита веќе е доцна. Граѓаните сметаат дека државата и институциите треба да посветат поголемо внимание и подобра заштита на неформалните работници, со оглед на фактот дека истите не беа доволно вклучени во економските мерки што ги даваше државата. Исто така, формалните работници, особено оние во фабриките и во поголемите производствени погони, беа посочени како лица кои се наоѓаат во ислучителен ризик, затоа што работат постојано од почетокот на пандемијата и постојано се изложени на ризик, додека во преполни автобуси патуваат до работното место, како и на самото работно место, бидејќи по 8 часа работат во затворена просторија со голем број луѓе. Воедно, граѓаните сметаат дека државата треба да им овозможи услови за обезбедување хигиенски средства за заштита од КОВИД–19, во вид на донации, бидејќи голем дел од нив немаат средства сами да ги обезбедат. Исто така, тие сметаат дека нивото на свест кај луѓето е многу ниско, бидејќи никој не се пријавува кога има сомнеж и симптоми дека е заболен од КОВИД–19, и дека треба да се посвети поголемо внимание на информираноста на заедницата, со цел да се запознаат со заштитните мерки и правилно да ги применуваат ист ите.

# 8 ЗАКЛУЧОЦИ

Пандемијата предизвикана од КОВИД–19 особено тешко ги погоди граѓаните од маргинализираните заедници, затоа што освен здравствената криза, таа прерасна и во економска и социјална криза, која ги влоши и онака тешките услови за живот на овие лица. Еден таков пример претставува ромската заедница во Општина Прилеп, која особено силно ги почувствува последиците од пандемијата и која од повеќе аспекти се соочи со потешкотии во справувањето со пандемијата.

Предметното локално истражување укажува на конкретните недостатоци кои се однесуваат како на мерките што се носеа на локално ниво, така и на националните мерки за превенција, од аспект на нивната можност за примена од страна на граѓаните Роми, со оглед на специфичниот контекст и услови во кои живеат.

- Мерките за превенција и заштита од КОВИД–19 донесени на локално ниво се носеа без доволна консултација со ромската заедница.

Тие се носеа генерално за целото население на Општина Прилеп, и не беа доволно приспособени на специфичните услови за живот на оваа заедница.

- Мерките за превенција и заштита од КОВИД–19 донесени на национално ниво само делумно влијаеја позитивно врз справувањето со болеста кај ромската заедница во Прилеп.

Дел од граѓаните Роми, поради специфичните услови услови во кои живеат, како што се лошата инфраструктура, немањето соодветни живеалишта и недостигот на непречен пристап до чиста вода, не беа во можност да ги почитуваат мерките и соодветно да се заштитат.

- Повеќе од 30 % од граѓаните Роми не биле во можност да добијат навремена, соодветна и квалитетна здравствена заштита поврзана со КОВИД–19, односно се соочиле со пречки при добивањето на истата.

Овие пречки главно се однесуваат на недостигот на лекови и медицински средства, долгото чекање за преглед и третман, но и на несоодветниот однос на медицинскиот персонал.

- Како резултат на состојбите поврзани со пандемијата со КОВИД–19, 17 % од граѓаните Роми кои имале потреба да користат други здравствени услуги неповрзани со КОВИД–19 не биле во можност да добијат навремена, соодветна и квалитетна здравствена заштита, што кај 25 % од нив резултирало со влошување на состојбата.

Сите овие заклучоци водат кон одговор на генералното прашање на истражувањето - дека мерките за превенција и заштита од КОВИД–19 на национално и на локално ниво не го дадоа потребното позитивно влијание во справувањето со пандемијата кај ромската заедница во Прилеп.

# БИБЛИОГРАФИЈА


- Влада на РСМ (2020), *Како да се заштитите од КОВИД–19?*, https://koronavirus.gov.mk/pocetna/zashtita > пристапено во декември 2020.
- Генерално собрание на ОН, *Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права* (чл.12), Резолуција 2200А (XXI) од 16 декември 1966, достапен на: https://www.ohchr.org/documents/professionalinterest/cescr.pdf > пристапено во март 2021.
- Здружение ЕСЕ, *Здравјето на Ромите*, достапно на: http://www.esem.org.mk/index.php/10–voved/88–zdravjeto-na-romite.html > пристапено во декември 2020.
- Комитет за економски, социјални и културни права, *Суштински прашања што се јавуваат при имплементацијата на Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права,* Генерален коментар бр. 14 (2000), т.11, достапен на: http://docstore.ohchr.org/ SelfServices/FilesHandler.ashx?enc=4slQ6QSmlBEDzFEovLCuW1AVC1NkPsgUedPlF1vfPM J2c7ey6PAz2qaojTzDJmC 0y%2B9t%2BsAtGDNzd-EqA6SuP2 r0w%2F6s VBGTpvTSCbiOr4XVFT qhQY65auTFbQRPWNDxL#:~ :text=The%20Committee%20inte rprets%20the % 20right,of%20saf e%20food%2C%20nutrition%20and > пристапено во март 2021.
- Општина Прилеп (март 2020), Волонтери од Општина Прилеп ќе набавуваат и доставуваат храна и лекови на стари, болни и изнемоштени граѓани – нова мерка на Општината во справувањето со коронавирусот, достапно на: https:// www.prilep.gov.mk/volonteri-od -opshtina-prilep-ke -nabavuvaat-i- dosta vuvaat- hrana- i-leko vi-na-stari-bolni -i-iznemoshteni-gragani- nova- merka -na -opshtinata-vo- spravuvaneto-so- koronavirusot/ > пристапено во март 2021.
- Општина Прилеп (ноември 2020), Јованоски: Состојбата со коронавирусот е алармантна, воведуваме дополнителни мерки за справување со заразната болест, достапно на: https:/ /www.prilep. gov.mk /jovanoski-sostojbata- so -koronavirusot-e- alarmantna-vove duvame- dopolnitelni-merki-za-sprav uvane-so- zaraznata- bolest/ > пристапено во март 2021.
- „Службен весник на РСМ“ бр. 72/20; 74/20; 78/20; 92/20; 100/20; 107/20; 111/20; 119/20; 134/20, 136/20 и 147/20
- Фејсбук-страница на Илија Јованоски (мај, 2020), достапно на: https://www.facebook.com/ilija.jovan oski.1/posts/3026494524103817 > пристапено во март 2021.

# АНЕКС 1

**Одлуки донесени од страна на Општинскиот кризен штаб - Одлуки истакнати на официјалната страница на Општина Прилеп.**

## 21.3.2020

- Се забранува собирање на повеќе од 5 лица, особено на младите, во парковите во градот, излетничките места и во викендичките во околината на градот.
- Се заострува контролата при влезот на возилата од сите четири правци, при што секое возило кое влегува во градот ќе биде дезинфицирано.
- Се укинува јавниот градски превоз.

## 28.3.2020

- Сите оперативни планови на локалните и на државните институции на територијата на Општина Прилеп да бидат преточени во соодветни процедури за работа во услови на евентуална прогресија на болеста КОВИД 19.
- Апел до претставниците на верските заедници на територијата на Општина Прилеп да се придржуваат до одлуките на Владата и до препораките на Министерството за здравство, со цел да се намалат ризиците за прогресија и ширење на коронавирусот во Општина Прилеп.
- Интензивирање на локалните мерки и активности за справување со КОВИД 19, преку засилена дезинфекција на главните и на периферните улици низ градот и во населените места.
- Сопствениците на маркети и пијари да ги применуваат и засилат редарските служби, со цел да се избегнат гужви пред и во самите објекти.
- Со одлука на Министерството за здравство, од понеделник (30 март) нема да работат матичните стоматолози. Сите итни случаи ќе се упатуваат во службата за Итна стоматолошка помош, која се наоѓа во објектот на Итната медицинска помош.

## 1.4.2020

- Одлука за отворање на Градскиот пазар, којшто од утре ќе функционира според заострени критериуми, секој работен ден (од понеделник до петок) од 8.00 до 15.00 часот.
- Со цел да се обезбеди заштита од коронавирусот, на сите продавачи и закупци на тезги ќе им бидат поделени заштитни маски, ракавици и штитници за лице, на влезовите од пазарот ќе бидат поставени средства за дезинфекција, а ќе бидат ангажирани и зголемен број редари, кои ќе помагаат во одржувањето на редот на пазарот“.

## 9.4.2020

- За време на полицискиот час и во деновите од претстојниот викенд, дежурна ќе биде аптеката „Каракаш 2“. Таа ќе функционира 24 часа во текот на денот, и тоа само по телефонски повик од матичен лекар или од Итната медицинска помош.
- Доставувањето на лекарствата до граѓаните ќе го вршат волонтери на Општина Прилеп.
- Во сабота и недела, од 7 до 15 часот ќе работат и 5 маркети, кои со сопствен превоз ќе вршат достава на најнеопходните прехранбени производи до домовите на граѓаните.
- За време на полицискиот час ќе работат и други компании и фирми, кои за своето работење обезбедиле дозвола од Министерството за информатичко општество и администрација.
- Волонтерска служба на Општина Прилеп врши логистичка поддршка на старите и изнемоштени лица, самохрани родители, хронично болни лица, семејства на лица со попреченост и на други граѓани од социјално ранливите категории. Помошта што ја даваат волонтерите се состои од набавка на прехранбени производи, средства за лична хигиена, лекови и медицински реквизити, извршување шалтерски услуги, подмирување на режиските сметки, подигнување лекарски рецепти. Сите сметки и другите трошоци за набавка на производи и лекови граѓаните ги плаќаат сами, додека волонтерите на Општина Прилеп само вршат нивна набавка и достава. Во сабота и во недела, волонтерите ќе доставуваат до граѓаните само лекарства“.
- За време на полицискиот час во текот на викендот, сите земјоделци кои се жители на Прилеп и чии ниви се наоѓаат на територија на градот, можат без дозвола и без пријавување во полиција да пројдат и да ги обработуваат нивите. Оние чиишто ниви се во друга катастарска општина, односно оние кои од Прилеп треба да пројдат во Мало Коњари, Штавица или во други населени места, задолжително треба да имаат дозвола. Доколку од некоја причина не успеале да извадат дозвола, тие можат да го најават своето движење на телефонскиот број 192 и да одат да ги завршат земјоделските работи.
- Забраната за движење во деновите од викендот започнува утре, петок, во 16 часот и ќе трае до понеделник во 5 часот.

## 12.4.2020

- Поставување налепници за одржување на препорачаното растојание меѓу граѓаните од минимум два метра.

- Вклучување на претставниците на Армијата на Република Северна Македонија во обезбедувањето на редот пред банките и маркетите.

## 16.4.2020

- Чистење на улиците во градот, а во текот на утрешниот ден и во сабота, дезинфицирање на сите улици, јавни површини, паркови и влезови во зградите.
- Обезбедени се 60.000 заштитни маски, од кои дел ќе бидат поделени во текот утрешниот ден, од страна на волонтери кои ќе бидат стационирани во сите делови на градот, односно онаму каде што во текот на денот се очекува поголемо присуство на граѓаните – пред поголемите маркети, пиљари, месарници и пред Градскиот пазар.

## 21.4.2020

- Од утре (среда, 22 април) се воведува мерката за забрана за движење на населението на подрачјето на Општина Прилеп без носење соодветна заштитна опрема (маска, шал, марама и сл.), надвор од своите домови, на сите јавни места и површини од отворен и од затворен тип, како и во затворени простории, маркети, продавници и слично. Општина Прилеп им препорачува на сите граѓани од нашата општина да го редуцираат излегувањето од своите домови, односно да го прават тоа само од најнеопходни причини, односно заради одење на своите работни места, односно излегување од домот на само еден член на семејството, заради купување намирници и лекови од маркетите и од аптеките.
- Врз база на новите мерки кои се однесуваат на Општина Прилеп, заедно со ОВР Прилеп, е подготвен посебен оперативен план кој стапува во сила од утре, за присуство и дејствување на полицијата на подрачјето на Општина Прилеп, преку засилени патроли и засилено присуство на полицијата, користење мегафонска опрема од полициските возила на јавните места и површини, со цел да се контролира почитувањето на одлуките, мерките и препораките донесени од Владата.

## 15.5.2020

- Дезинфекција на улиците, јавните површини и зградите во градот, која ќе биде реализирана во деновите од викендот.

## 4.6.2020

- Во соработка со ЈКП *Пазари*, саботниот пазарен ден ќе биде спроведен во согласност со сите протоколи за заштита од коронавирусот. Работното време на пазарот ќе биде од 7 до 14 часот, на секој од петте влеза на пазарот ќе бидат поставени средства за дезинфекција, ќе има редарска служба и на сите оние купувачи кои немаат заштитни маски, ќе им бидат дадени заштитни маски на влезовите на пазарот. На ниту еден граѓанин кој нема заштитна маска, нема да му биде дозволен влез во Градскиот пазар.
- Преземање активности за целосно почитување и спроведување на одлуката за забрана на посета на гробиштата на територијата на целата држава, која ќе важи од денеска од 21.00 часот до понеделник до 5.00 часот, во координација со ОВР – Прилеп и ЈКП *Комуналец*.
- Дозволено движење во рамките на територијата – атарот на селата, исклучиво за земјоделски активности.
- Забраната за движење не важи за полицијата, армијата, здравствените работници во јавните и приватните здравствени установи и институции, како и за матичните лекари, за маркетите и ресторанте кои вршат достава на производи.
- Продолжува важноста на сите издадени дозволи за движење за време на претходните забрани за движење коишто беа воведени, особено за економските оператори и за работа организирана во смени.
- Забраната за движење не важи за лицата со попреченост и за нивните придружници, доколку имаат соодветна документација.

## 13.7.2020

- Дезинфицирање на улиците, тротоарите, јавните површини и сите пристапи до избирачките места во градот, во соработка со јавните комунални претпријатија од градот и Територијалната противпожарна единица (утре, вторник, 14 јули).
- Со акцијата ќе бидат опфатени и населените места, при што волонтери со сопствена земјоделска механизација ќе ја спроведат дезинфекцијата на улиците кои водат до објектите во кои граѓаните ќе можат да го остварат своето право на глас.
- Да се почитуваат препораките на Комисијата за заразни болести,

Министерството за здравство и Владата, за заштита од коронавирус, да се носат заштитни маски, да се држи дистанца и да се избегнува групирање.

## 26.8.2020

- Преземање мерки за целосна заштита и безбедност на учениците и наставниот кадар, без разлика на датумот на почеток на школската година и начинот на кој ќе се изведува наставата.
- Банките и поголемите маркети од градот да ги засилат редарските служби пред своите објекти, за да се спречат поголеми групирања.
- Градскиот пазар ќе продолжи со работа, со засилени протоколи за заштита од КОВИД-19, со тоа што ќе има засилена дезинфекција и никој нема да смее да влезе на пазарот без заштитна маска.
- Полицијата ќе биде поприсутна и на пазарот и пред поголемите маркети и банки и ќе ја засили казнената политика.

## 24.9.2020

- Засилени се полициските контроли и зголемен е бројот на изречени казни за неносење заштитни маски, но сè уште се чести случаите на групирање на граѓаните.
- Засилување на контролите од страна на пазарната инспекција.
- Комисијата од локалната самоуправа ќе врши засилена контрола врз институциите за спроведување на мерките за заштита од коронавирус.

## 22.10.2020

- Угостителските објекти треба да го ограничат своето работно време до 23 часот. Капацитетот на патници во јавниот превоз се ограничува на 50 отсто, мерка која стриктно ќе се почитува во Општина Прилеп, а до неа треба да се придржуваат и стопанските субјекти, чиишто вработени на своите работни места одат со организиран превоз.
- Полицијата ќе врши строга контрола на возилата и ќе изрекува строги санкции и казни за секое непочитување на мерките.
- Целата државна и јавна администрација, вклучувајќи ги и судовите, ќе го организираат работниот процес во смени или онлајн од дома или пак редуцирано, со систем на ротации, во зависност од карактеристиките на работата што ја извршуваат.
- Раководството на ЈП *Пазари* да врши строга контрола на сите влезови од пазарот, да не се дозволи влез на ниту едно лице кое не носи

заштитна маска и претходна дезинфекција на рацете. Истовремено, продавачите на пазарот се обврзани да носат заштитна опрема, односно заштитни маски и визири, а по завршувањето на работното време на пазарот, да се врши негова целосна дезинфекција. Се скратува работно време на градскиот пазар, така што од утре, петок 23 октомври, пазарот ќе работи од 7 до 15 часот.

## 2.11.2020

- Се зголемува бројот на лекари и медицински персонал на Инфективното одделение во прилепската болница, кое ќе работи во две смени, со цел да се намалат гужвите.
- Дезинфицирање на главните и најпрометните улици во населбите во градот.
- Дезинфицирање на влезовите на Општата болница „Борка Талески“, Центарот за јавно здравје, Здравствениот дом и Службата за итна медицинска помош.
- Темелна дезинфекција на работните простории во училиштата и градинките во градот и во населените места.
- Доследно и строго почитување на пропишаните мерки за заштита. Граѓаните да не се групираат, да престане организирањето забави во викендичките во близина на градот, одржување физичка дистанца во секојдневните контакти, редовно носење заштитни маски, како и често дезинфицирање на рацете и на работните површини.

## 26.11.2020

- Здружението на матични лекари од нашиот град, почнувајќи од утре, па во наредниот период, да обезбеди по два тима составени од доктор и медицинска сестра, кои ќе волонтираат по систем на ротација во втора и трета смена во Инфективното одделение.
- Во соработка со Спасителната служба „Златоврв“, триесетина нивни волонтери, на кои ќе им асистира и полицијата, ќе бидат вклучени во обезбедување на редот и дистанцата пред здравствените институции, банките, поголемите маркети и Градскиот пазар. Волонтерите од спасителната служба ќе бидат ангажирани и за набавка и доставување лекови и намирници до домовите на сите повозрасни и изнемоштени граѓани.
- Во наредните денови дезинфекцијата на улиците, јавните површини, како и на локалните и државните институции во градот и во населените места, ќе продолжи со засилен интензитет.

# АНЕКС 2

## Прашалник за теренско истражување

## Дел А: Избор на респондент-група

- Пол
- Работен статус
- Возраст

## Дел Б: Влијание на превентивните мерки за заштита на национално ниво

- Дали сметате дека носењето маска е мерка на која можете да се придржувате? Колку често ја менувате/перете маската? Дали ги знаете и ги применувате точните упатства за носење маска?
- Дали редовно ги миете и дезинфицирате рацете во текот на целиот ден и дали имате услови за придржување до оваа мерка?
- Дали и колку сте имале можност да се придржувате до мерката за држење растојание од 2 метра на отворено?
- Дали и колку сте имале можност да се придржувате до мерката за држење растојание од 2 метра во здравствените установи, банките, поштите, маркетите, ЦСР и слично?
- Дали од почетокот на пандемијата сте биле во задолжителна самоизолација? Ако да, колку реално сте биле во можност да ја испочитувате? Доколку НЕ, од кои причини не сте биле во можност да ја испочитувате самоизолацијата? Доколку сте биле во самоизолација, дали во домот сте биле во можност да се изолирате од другите членови на семејството (во посебна просторија, со посебен прибор за јадење, постелнина, посебна бања и тоалет и сл.)

## Дел В (поврзан со хипотеза 3)

1. **Дали за време на пандемијата, во периодот од 11 март до 30 ноември 2020 година, имавте потреба да направите тест за КОВИД–19 (каков било тест – ПЦР, брз тест на антигени и сл.)**

   **1)** Да

   **2)** Не

   **3)** Одбива да одговори

2. **Дали се соочивте со одредени проблеми кога сакавте да направите тест за КОВИД–19 во рамките на јавното здравство?**

   **1)** Проблеми во комуникацијата со матичниот лекар

   **2)** Прашалникот што ми го постави матичниот лекар не одобри упат за тестирање

**3)** Чекав предолго време од моментот на закажување до денот на тестирање

**4)** Проблеми на пунктот за тестирање

**5)** Проблеми во добивањето на резултатите (премногу долго време на чекање на резултатите, изгубени резултати, нејасен резултат)

**6)** Други проблеми (наведете кои): _____

**7)** Немаше никакви проблеми

**3. Дали поради проблемите со кои се соочивте бевте принудени да го направите тестот со приватно плаќање или воопшто да не направите тест?**

**1)** Да, тестот го направив приватно

**2)** Не, тестот го направив во јавното здравство

**3)** Не направив тест

**4)** Друго:

**4. Дали во периодот од 11 март до 30 ноември 2020 година ви беше дијагностицирано заболување со КОВИД–19**

**1)** Да

**2)** Не

**3)** Одбива да одговори

**5. Доколку се лекувавте во домашни услови, дали се соочивте со одредени проблеми со матичниот лекар и со другите здравствени установи во однос на третманот на КОВИД–19 (повеќе можни одговори)**

**1)** Матичниот лекар одби да ме прими на преглед во ординацијата

**2)** Проблеми со издавањето упати за потребните дијагностички прегледи (лабораторија, рендген и сл.)

**3)** Проблеми со издавањето упат за преглед од лекар специјалист

**4)** Проблеми со препишувањето терапија на рецепт

**5)** Проблеми со набавката на потребните лекови и суплементи (витамини, минерали и сл.)

**6)** Проблеми во контактите со епидемиологот од Центарот за јавно здравје

**7)** Други проблеми (наведете кои):

**8)** Не се соочив со никакви проблеми

**9)** Не можам да одредам

**10)** Друго: _____

**6. Доколку имавте потреба од болничко лекување поврзано со КОВИД–19, дали се соочивте со одредени проблеми?**

**1)** Чекав предолго време од денот на упатувањето до денот на приемот во болница

**2)** Откако пристигнав во болницата, чекав предолго време пред да ме примат

**3)** Проблеми со превоз до болницата

**4)** Недостиг од лекови, медицински средства во болницата

**5)** Не отидов во болница поради страв

**6)** Друго (наведете што): _____

**7)** Не се соочив со проблеми

**7. Во време додека користевте здравствени услуги поврзани со вашето лекување од КОВИД–19, дали се соочивте со некое од овие искуства од страна на здравствениот персонал? (повеќе можни одговори)**

**1)** Ви се обраќаа со помалку љубезност отколку на другите луѓе

**2)** Покажуваа помалку почит за вас отколку за другите луѓе

**3)** Добивавте помалку квалитетна услуга отколку другите луѓе

**4)** Докторот, медицинската сестра или друг здравствен работник се однесуваа како да мислат дека не сте паметни

**5)** Докторот, медицинската сестра или друг здравствен работник се однесуваа како да се плашат од вас

**6)** Докторот, медицинската сестра или друг здравствен работник се однесуваа како да се подобри од вас.

**7)** Се чувствувате како докторот, медицинската сестра или друг здравствен работник да не ве слушаат што зборувате

**8)** Ниту едно од горенаведените

**9)** Друго: _____

**8. Доколку сте имале најмалку едно вакво искуство, со кого ги имавте овие искуства?**

**1)** Со матичниот лекар

**2)** Со персоналот во пунктот за земање брисеви за КОВИД–19

**3)** Со персоналот во установа за дијагностика (лабораторија, рендген и сл)

**4)** Со докторот специјалист во амбуланта

**5)** Со докторот специјалист во болница

**6)** Со медицинска сестра

**7)** Со друг медицински персонал

**8)** Не можам да одредам

**9)** Друго: _____

## Дел Г (поврзан со хипотеза 4)

**9. Дали за време на пандемијата со КОВИД–19, од 11 март до 30 ноември 2020 година, сте имале потреба да користите здравствена заштита за здравствени проблеми кои не се поврзани со КОВИД–19?**

**1)** Да

**2)** Не (се прескокнува цел сет прашања)

**3)** Одбива да одговори

**10. Дали ги добивте сите потребни здравствени услуги во јавна здравствена установа или кај матичен доктор за време на пандемијата со КОВИД–19?**

**1)** Да, сите (се прескокнуваат другите прашања)

**2)** Делумно, само дел од потребните здравствени услуги (се преминува на следното прашање)

**3)** Не, ниту една (се преминува на следното прашање)

**4)** Одбива да одговори

**5)** Друго: _____

**11. Каков вид здравствени услуги не добивте за време на пандемијата во јавна здравствена установа или кај матичен доктор? (повеќе можни одговори)**

**1)** Преглед кај матичен доктор

**2)** Преглед кај матичен гинеколог

**3)** Преглед кај доктор специјалист (амбулантски)

**4)** Дијагностички прегледи, како што се: ЕХО, рендгенски-снимања, компјутерска томографија, магнетна резонанца

**5)** Лабораториски услуги (испитување крв, урина, микробиолошки анализи)

**6)** Хируршка интервенција/операција

**7)** Примање терапија во јавна здравствена установа

**8)** Болничко лекување (кое не е поврзано со операција или со породување)

**9)** Примање хемотерапија или зрачење

**10)** Друго (наведете што): _____

**11)** Не можам да одредам

**12. Дали дојде до влошување на вашето здравје затоа што не можевте да користите здравствена заштита?**

**1)** Да

**2)** Не

**3)** Не можам да одредам

**4)** Друго: _____

## Дел Д: Други забелешки:

_____

_____

_____

_____

_____

_____

_____

_____

_____

_____